Уп. бр. 08-32

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Арицома Системс а.с., со регистрирано седиште на Хорнополни 3322/34, Моравска Острава, 702 00 Острава, Република Чешка, преку Татјана Поповски Булоски, адвокат од Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 09.03.2026 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Арицома Системс а.с., со регистрирано седиште на Хорнополни 3322/34, Моравска Острава, 702 00 Острава, Република Чешка, ќе стекне контрола над одреден имот на АД Дентсу Интернатионал Свицерланд, со регистрирано седиште на Гиессеренстрассе 18, 8005 Цирих, Швајцарија и одреден имот на Меркле С.Л., со регистрирано седиште на Ав Диагонал 177-183 7ми спрат Барселона 08018 Шпанија, преку купопродажба на делови од имот на претпријатијата, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.02.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Арицома Системс а.с., со регистрирано седиште на Хорнополни 3322/34, Моравска Острава, 702 00 Острава, Република Чешка, преку својата швајцарска странска подружница Арикома Системс а.с. Острава (ЦЗ), Женева подружница, преку Фридуциаре де Риве со седиште на ул. де Риве 4, Швајцарија, и преку своето зависно друштво Авенга Тецхнологиес Спаин СЛ, со седиште на Кале Баркас 2, кат 2, 46002 Валенсија, Шпанија ( кое Арицома Состемс а.с.) ќе го стекне од друго

зависно друштво на ККЦГ Групацијата пред финализирање на трансакцијата, ќе стекне контрола над одреден имот на АД Дентсу Интернационал Свицерланд, со регистрирано седиште на Гиессеренстрассе 18, 8005 Цирих, Швајцарија и одреден имот на Меркле С.Л., со регистрирано седиште на Ав Диагонал 177-183 7ми спрат Барселона 08018 Шпанија, по пат на купопродажба на делови од имот на претпријатијата (бизнис, договори и вработени).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Арицома Системс а.с. се фокусира на спроведување на големи проекти за големи клиенти, имплементација и поддршка на бизнис-информациски системи Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка на бизнис-процеси, корисничка поддршка и ИТ безбедност.

Арицома Системс а.с. припаѓа на ККЦГ Групацијата, која инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје – Гази Баба, со приоритетна дејност 92.000 - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје – Гази Баба, со приоритетна дејност 92.000 - дејности на коцкање и обложување;
- Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со седиште на 11-ти Октомври бр. 33А, Скопје – Центар, со приоритетна дејност 62.100 - компјутерско програмирање;
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации АВЕНГА Академи ДООЕЛ Скопје, со седиште на 11-ти Октомври бр. 33А, Скопје – Центар, со приоритетна дејност 85.590 - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје, со седиште на 11-ти Октомври бр. 33А, Скопје – Центар, со приоритетна дејност 62.100 - компјутерско програмирање.

АД Дентсу Интернационал Свицерланд е давател на технологии специјализирани за дигитални решенија за контрола на синџирот на снабдување, што овозможуваат на регулаторите, производителите и трговците на мало да ја следат усогласеноста со законските, политичките и договорните рамки за да се спречи нелегална трговија со регулирани производи.

АД Дентсу Интернатионал Свицерланд нема подружници во Република Северна Македонија и нема остварено промет во Република Северна Македонија во изминатата година.

Меркле С.Л. се фокусира на стратешко планирање, управување и континуирано унапредување на корисничкото искуство преку систематска анализа, обработка и интерпретација на релевантни податоци, како и преку обезбедување на стручни консултантски услуги во областа на маркетинг технологиите, вклучувајќи избор, имплементација, интеграција и оптимизација на дигитални алатки и платформи со цел подобрување на ефикасноста на маркетинг активностите и зајакнување на односите со клиентите.
Меркле С.Л. нема подружници во Република Северна Македонија и нема остварено никаков промет во Република Северна Македонија во изминатата година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**